# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД

| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>21.03.2016 год.<br>БРОЈ 5 ГОДИНА 51 |
|---|---|


**С О Д Р Ж И Н А**


| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| **1.** | Јавен повик | **2** |

Република Македонија
Општна Охрид

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" број 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16) општина Охрид распишува:

***ЈАВЕН ПОВИК***
**за доставување на иницијативи за изработка и донесување на урбанистички планови**

Јавниот повик за доставување на иницијативи за изработка и донесување на урбанистички планови согласно член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" број 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16), се распишува во првиот квартал на 2016 г.

- Секое заинтересирано правно и физичко лице во тек на јавниот повик може да достави иницијатива за изработка и донесување на урбанистички планови од член 7 став (1) точка 2 и тоа: детален урбанистички план (ДУП), урбанистички план за село (УП за село) и урбанистички план вон населено место (УПВНМ).
- Предмет на иницијативата може да биде донесување на нов или изменување и дополнување на постоечки: ДУП, УП за село, и УПВНМ, со конкретен предлог доставен од страна на подносителот на иницијативата. Иницијативите можат да бидат доставени во електронска форма преку информацискиот систем **е-урбанизам** или во писмена форма преку архивата на општина Охрид во определениот рок.
- За поднесените иницијативи подносителите ќе бидат информирани во писмена форма или во електронска форма преку информацискиот систем **е-урбанизам.**
- Подносителите на прифатените иницијативи правни или физички лица во целост ги сносат сите трошоци за изготвување на урбанистичките планови.
- Јавниот повик ќе биде објавен во службено гласило на општина Охрид, на веб страната на општина Охрид – **www.ohrid.gov.mk**, на огласна табла во општината, во информацискиот систем е-урбанизам и во дневен весник.
- Јавниот повик ќе трае од **21.03.2016 до 23.04.2016** година.

**Градоначалник на општина Охрид**

Никола Бакрачески,с.р.